**Службен весник на Република Македонија број 24/2011**

Врз основа на член 19 став 6 од Законот за сточарство ("Службен весник на Република Македонија" бр. 7/08 и 116/10), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

**Правилник**
**за формата, содржината и начинот на водење на регистар на признатите организации на одгледувачи**

**Член 1**

Со овој правилник се пропишува формата, содржината и начинот на водење на регистар на признатите организации на одгледувачи.

**Член 2**

Регистарот на признати организации на одгледувачи се води во форма на книга со тврд повез во темно сина боја во А4 формат со поврзани и нумерирани евиденциски листови на бела хартија.

На предната страна на книгата е аплициран грбот на Република Македонија и под него стои натпис во бела боја "Република Македонија, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство Регистар на признати организации на одгледувачи ".

На евиденциските листови од став 1 на овој член се запишуваат следниве податоци:

- реден број и страна;
- назив, седиште и ЕМБС на организација;
- број на решение за одобрување на призната организација на одгледувачи;
- дата на регистрација;
- одгледувачка програма;
- вид и раса на добиток;
- број на членови;
- обем на производство и
- други специфични податоци за организацијата.

Формата и содржината на регистарот на признати организации на одгледувачи е дадена во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

**Член 3**

Регистарот на признати организации на одгледувачи се води во пишана или електронска форма.

**Член 4**

Признатите организации на одгледувачи се запишуваат во регистарот од став 1 на овој член по предходно доставено барање до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Барањето ги содржи следните податоци:

- назив, седиште и ЕМБС на организацијата;
- општи податоци за организацијата;
- форма на организирање;
- број на членови и
- обем на производство.

**Член 5**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр.08-754/3
11.02.2011 година
Скопје

Министер за земјоделство, шумарство и водостопанство
Љупчо Димовски

**Прилог**

**РЕГИСТАР**

**НА ПРИЗНАТИ ОРГАНИЗАЦИИ НА ОДГЛЕДУВАЧИ**

**РЕДЕН БРОЈ _____, СТРАНА____**

Назив на организацијата
______________________________________________

Седиште на организацијата
______________________________________________

ЕМБС на организацијата
______________________________________________

Број на решение за одобрување на призната организација на одгледувачи
______________________________________________

Архивски број на регистарцијата
______________________________________________

Дата на регистрација
______________________________________________

Одгледувачка програма
______________________________________________

Вид и раса на добиток кој се одгледува
______________________________________________

Број  на членови
______________________________________________

Обем на производство
______________________________________________

Други специфични податоци за организацијата
______________________________________________

| Форма на организирање | Број на членови | Обем на производство |
|---|---|---|
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |

Други специфични податоци

| |
|---|
| |
| |
| |
| |
| |
| |
| |
| |